## Нов сингл на Влатко Илиевски

"Така требало да биде" е новиот сингл на Влатко Илиевски. Песната од минатата недела е хит на неколку домашни радиостаници. Весна Малинова е автор на музиката, а текстот е заеднички на Малинова и на Илиевски. Аранжманот е на Дарко Тасев.

Популарниот рокер ја опишува песната како летен поп-рок хит. Со истите автори тој во моментов работи и на песните за неговиот прв соло - албум. На фестивалот "Макфест" во октомври во Штип Влатко најавува песна во дует со Дани. **(М.Ц.)**



## Ален Исламовиќ во Битола и во Прилеп

Босанскиот пејач Ален Исламовиќ в петок ќе настапи во Битола во клубот "Инфинити". В сабота тој има закажан настап во Прилеп, во клубот "Ди енд".

Освен со своите песни, Исламовиќ ќе ги забавува гостите и со хитовите на "Бијело дугме" и на "Дивље јагоде", групите во кои беше вокал во осумдесеттите години. Лани тој ја издаде и својата автобиографска книга со наслов "Моите долини на сеќавањата".

Организатор на настапите е "Бродвеј" продукција. Од таму во јуни најавуваат гостување на Северина и на Даниела Мартиновиќ. **(М.Ц.)**




# Владо Јаневски ја препеа "Заветна" од Пепи Бафтировски

Владо Јаневски ја препеа "Заветна", антологиската народна песна на неодмна починатиот Пепи Бафтировски. Песната, која е дело на Ѓорѓи и Миле Барбаровски, ќе се најде на новото цеде "Песни од татковината" кое го подготвува радио "Бубамара".

Два дена по одржувањето на "Златна бубамара на популарноста", првиот човек на манифестацијата Ранко Петровиќ му ја испратил псната на Владо Јаневски во Загреб, а договорот бил да ја преработи до крајот на април. Јаневски бил импресиониран од песната и од текстот, и последниве два месеца интензивно ги слушал песните од легендата Бафтировски, за да се доближи до неговиот начин на пеење. Поп-ѕвездата се консултирал со сите негови соработници музичари од Загреб за начинот на изведбата.

Како да претчувствувал, Владо Јаневски ја испеал песната во студиото во Загреб токму на Велипеток, денот кога, по кусо боледување, во болница во Чикаго почина Бафтировски.



*Владо Јаневски со авторите на песната Ѓорѓи и Миле Барбаровски*

"Неофицијална промоција на песната се случи на 4 мај во ресторанот ´Кај марашалот´, на пријателски ручек со Владо, неговата менаџерка Вера и со авторите на песната Ѓорѓи и Миле Барбаровски", раскажува Ранко Петровиќ. "Авторите беа воодушевени од идејата да се препее таа малку подзаборавена песна. За прв пат Владо ќе ја претстави песната пред нашите иселеници во Нов Зеланд каде што во моментов е на концертна турнеја. Текстот на песната кој, меѓу другото, вели: ´Може да те одречат, други да те предадат, само ти си бесмртна, древна земјо македонска´, соодветствува со сегашната состојба", вели Петровиќ.

**(М.Ц)**